


**Јавно Комунално Претпријатие,,КЛЕПА"-Градско**
**ул.,,Александар Македонски"бр.70А Градско**
**тел:043/511-335 моб:071/317-296**
**e-mail:jkp_gradsko@yahoo.com**


Јавно комунално
претпријатие КЛЕПА
Бр 01-115/1
17.12.2025 год
Градско

# П Р О Г Р А М А
# ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ГРАДСКО
# ЗА 2026

**декември, 2025 година**

## ВОВЕД

Средината во која што човекот живее, работи, се движи, треба да биде чиста и хигиенско-санитарна.Оваа се однесува во и околу домот, во и околу работните простории, тротоарите, улиците по кои се движат граѓаните до потребните институции.

Сметот кој се создава во индивидуалните простории под покриена површина и од дворно место, треба да биде навремено отстранет и транспортиран до соодветна депонија на Општина Градско.

Во зависност од стандардот на населението треба да се обезбеди соодветна и квалитетна услуга за собирање на сметот од домовите и работните простории. Локалната Самоуправа, Градоначалникот на општина Градско и ЈКП Клепа Градско треба сите заедно да се стремат и организираат да спроведат заедно поквалитетна услуга за собирање, транспортирање и депонирање на сметот приближно како што се врши во повеке европски држави.

Со Законот за управување со отпад и со Одлуката за комунален ред се регулираат правата и обврските на корисниците како и правата и должностите на давателот на услугите т.е. ЈКП Клепа Градско.

Тоа зборува дека собирање, подигањето и депонирањето на сметот се организира во рамките на законската регулатива односно врз основа на Одлуката за комунален ред и мерките за нејзино спроведување, па врз основа на овие одлуки непречено ке се отстранува сметот кој директно влијае на животната средина, на поквалитетно чистење на просториите каде човекот живее, работи или се движи по јавно прометни површини.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ПРОГРАМАТА ЗА СОБИРАЊЕ, ТРАНСПОРТИРАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛНИОТ ОТПАД ОД ЦЕЛАТА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ГРАДСКО ЗА 2026 ГОДИНА

Оваа програма има основна цел која со нејзиното реализирање треба да се овозможи целосно собирање, транспортирање и депонирање на куќниот и индустриски смет од општината, и истото да биде навремено, поекономично и поквалитетно.

Со оваа програма се прикажуваат работите и работните задачи и време, како и временската динамика на извршување, а сето тоа во согласност со Одлуката за комунален ред.

Специфична цел на програмата е да определи конкретни мерки и активности што треба да се превземат во тековната година за подобрување на општата состојба во управувањето и заштитата на животната средина .Програмата за управување на отпад се однесува за период од една година .

Програмата го определува и планира начинот,обемот и динамиката на собирањето,транспортирањето и депонирањето на отпадот,како и мерки за заштита на животната средина,животот и здравјето на луѓето.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТЕЊЕТО ЗА 2026 ГОДИНА

Динамиката на изнесување на сметот содржан во соодветни садови (контејнери и канти), се врши согласно овој план, а поради обезбедување на организиран пристап во собирањето, транспортирањето и депонирањето до времената депонија на комуналниот отпад, како и обезбедување на целосна контрола врз работата во извршувањето на задачите по квалитет и одредена динамика во планот.

Во оваа програма се опфатени дневните задачи кои по обем ги определуваат границите на еден реон. Реонот е основна организациона и оперативна единица во која се карактеризирани обемот, динамиката и времето на дејствување.

Во определување на реоните, воедно, е сметано истите да претставуваат една целина со определена динамика на изнесување на сметот поединечно за секоја услуга во реонот.

Планот за изнесување на сметот на подрачјето на општина Градско направен е по денови за домаќинствата како и за правните субјекти( државните и општински институции).

Изнесувањето ќе се врши во согласност со Одлуката за комунален ред еднаш неделно, по потреба двапати и повеќе, ако за тоа се утврди дека има потреба,а во потесното централно подрачје ќе се врши секојдневно .

Собирањето на отпадот се врши во 60 контејнери со зафатнина од 1.1 м3 наменети за објектите за колективно домување и комерцијални објекти, како и поединечно по домаќинства кои имаат канти за отпад од по 120 l.(900 домаќинства).

За да се исполни, а пред се непречено да се изврши програмата во однос на потребните возила во следната табела имаме прикажано со колкав број на возила располага ЈКП Клепа Градско.

Во текот на годината редовно се во употреба 1 специјализирано возило,трактор Кубота ,трактор IMT 539 и ММ Мобилна машина утоварач LTMG(скип)

| Р.бр. | Опис на возилото | Постоечки возила |
|---|---|---|
| 1. | Mercedes - Benz 916 – ATEGO 2011 г. - 8 $m^3$(2,8t) | 1 |
| 2. | Трактор KUBOTA -6 $m^{3-}$4t | 1 |
| 3. | Трактор IMT 539-1985g. | 1 |
| 4. | ММ Мобилна машина утоварач LTMG(скип) | 1 |
| | Вкупно | 4 |

## НЕДЕЛЕН РАСПОРЕД ЗА ПОДИГАЊЕ НА СМЕТ

***ПОНЕДЕЛНИК***

- Ул.„Александар Македонски„
- Ул.„Панко Брашнаров“
- с.Долно Градско
- О.У„Даме Груев„Градско
- Винарија „Стоби“Градско
- Ресторан „Стоби“Градско
- „Макпетрол“-склад
- „Грин-агро„Градско
- Општина Градско
- „Вардар“-оранжерии
- Населба„Стопанство“
- плоштад и дуќани
- 

***ВТОРНИК***

- Ул.„8ми Септември“
- Археолошки локалитет„Стоби“
- с.Водоврати
- бензиска пумпа„Gulf“
- плоштад и дуќани

***СРЕДА***

- село Виничани
- село Ногаевци
- село Кочилари
- бензиска пумпа „Дади-Компани“
- плоштад

***ЧЕТВРТОК***

- Ул.„Борис Трајковски“
- Ул.„11ти Октомври“
- Ул.„Илија Ѓошев“
- Ул.„Даме Груев“
- бензиска пумпа„Макпетрол“-автопат
- Св.Фарма„Агриа„Градско
- село Подлес
- село Долно и Горно Чичево
- плоштад

***ПЕТОК***

- ул.„Славе Ефтовски “
- ул.„Васил Главинов“
- ул.„Душан Ќириќ“
- ул.„Димче Мирчев“
- ул.„Цветан Димов“
- ул.„Илинденска„
- ул.„Кочо Рацин“
- ул.„8 ми Ноември“
- ул.„Питу Гули“
- ул.„Никола Карев“
- плоштад

***САБОТА***

- Село Уланци

## ПРЕГЛЕД НА НЕПОСРЕДНИ ИЗВРШИТЕЛИ

| Р.бр | Опис на работни места | Број на извршители |
|---|---|---|
| 1. | Раководител на сектор | / |
| 2. | Возачи на специјални комунални возила | 1 |
| 3. | Работници за собирање на отпад | 3 |
| 4. | Општи комунални работници | 3 |
| 5. | Чувар-работник на депонија | 1 |
| 4. | Вкупно | 8 |

## ПОТРЕБНИ ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА ВО 2026 ГОДИНА

Со оглед дека располагаме со едно специјализирано возило , два трактора и ММ Мобилна машина утоварач LTMG(скип) со кои се опфаќа територијата на Општина Градско за собирање на сметот не ни е потребно во текот на оваа година да набавуваме

дополнителни возила,но дополнителни машини ни се потребни за олеснување на самата работата .

## ПРЕГЛЕД НА РАБОТНА РАКА ВО МЕХАНИЧКА РАБОТИЛНИЦА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ВОЗИЛАТА

Во однос на одржувањето на возилата напоменуваме дека не располагаме со соодветна механичка работилница за одржување на возилата и истите ги одржуваме со ангажирање на приватни фирми и лица регистрирани за вршење на таа дејност.

## ПЛАНИРАНА ВКУПНАТА КОЛИЧИНА ВО m$^3$ НА СМЕТ СОБЕРЕНИ ТРАНСПОРТИРАНИ И ДЕПОНИРАНИ ВО 2026 ГОДИНА

| Месеци | Отпад м$^3$ - месеци | Отпад м$^3$-дневно |
|---|---|---|
| Јануари | 240 м$^3$/месец | 8 м$^3$/ден(2,8t) |
| Февруари | 240 м$^3$/месец | 8 м$^3$/ден(2,8t) |
| Март | 240 м$^3$/месец | 8 м$^3$/ден(2,8t) |
| Април | 480 м$^3$/месец | 16 м$^3$/ден(5.6t) |
| Мај | 480 м$^3$/месец | 16 м$^3$/ден(5.6t) |
| Јуни | 600 м$^3$/месец | 20 м$^3$/ден(7t) |
| Јули | 720 м$^3$/месец | 24 м$^3$/ден(8.4t) |
| Август | 720 м$^3$/месец | 24 м$^3$/ден(8.4t) |
| Септември | 720 м$^3$/месец | 24 м$^3$/ден(8.4t) |
| Октомври | 720 м$^3$/месец | 24 м$^3$/ден(8.4t) |
| Ноември | 480 м$^3$/месец | 16 м$^3$/ден(5.6t) |
| Декември | 480 м$^3$/месец | 16 м$^3$/ден(5.6t) |
| **Вкупно за 2026 година** | **5580 м$^3$/година** | |

Вкупниот комунален отпад во Општина Градско за 2026 година се планира да изнесува околу 5.580 m$^3$ односно 2.142 t/годишно.

Во однос на количината предвидена за 2026 година не очекуваме големо зголемување или намалување од причина што со услугата собирање на отпад е опфатена цела територија на Општина Градско.

ЈКП„Клепа“ Градско има организирано селекција на електронски и електричен отпад кој што се собира и се депонира во специјален бокс за електричен и електронски отпад поставен во кругот на комуналното претпријатие,плоштадот и така собраниот електричен и електронски отпад се предава на фирмата ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје со кои што општина Градско и ЈКП„Клепа“ Градско имаат склучено договор.

Покрај редовните тековни активности на собирање на отпадот во 2026 година се планира да се врши и чистење на површините на кои недозволено се фрла шут - диви депонии како на територијата на Општина Градско така и на територијата во населените места, каде што два пати во годината се извршува организирано собирање на комуналениот отпад.

ЈКП„Клепа“ Градско
в.д Директор
Ванчо Цветков

Јавно комунално претпријатие ЈКП КЛЕПА Градско